Објавен во "Службен весник на РМ" бр. 50/2015

Врз основа на член 158-ѕ точка 1 а во врска со членот 152 став (2), (3), (4) и (5) од Законот за супервизија на осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/2010, 44/2011, 188/2013, 43/2014 и 112/2014) , Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување, го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК
## за изменување на Правилникот за формата, содржината и начинот на водење регистри на застапници во осигурувањето и осигурителни брокери од страна на друштвата за осигурување, осигурително брокерските друштва и друштвата за застапување во осигурување

**Член 1**

Во Правилникот за формата, содржината и начинот на водење регистри на застапници во осигурувањето и осигурителни брокери од страна на друштвата за осигурување, осигурително брокерските друштва и друштвата за застапување во осигурување ("Службен весник на РМ "бр. 41/2011), во членот 5, по ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:

"(4) Уписот на податоци во соодветниот регистар согласно ставовите (1) и (2) од овој член се врши во рок од 24 часа од настанување на промената."

**Член 2**

(1) Во членот 6, во алинеја 2, зборовите: "и негова адреса на живеење" се бришат.

(2) Во алинеја 5 пред зборовите: "Телефонски број и број на телефакс" се додава зборот: "Службен".

(3) Алинејата 8 се брише.

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија".

**Бр.02-257/3** **Претседател на Совет на експерти**

**19.03.2015 година** **д-р Климе Попоски**